РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-173/1
12-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-3073/1 од 24.11.2025 година, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што не содржи јасни наводи за незаконити дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, а поради тоа што пријавата е анонимна нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата.

Предметот со број 12-3073/1 од 24.11.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител, на ден 24.11.2025 година е поднесена пријава, по која е оформен предмет со број 12-3073/1. Пријавата е поднесена против лицето ------ -----------, Градоначалник на општина -------------, ----------- ----------------- претседател на советот, неименувани вработени во општината и неименувани управители на спортски клубови, поради сомневање за корупција, перење на пари и злоупотреба при распределба на паричните средства кои општината ги давала на спортските клубови. Од Државната комисија се бара да изврши ревизија за пет години наназад како и по кој основ биле доделувани средствата и дали за истото постои соодветна сметководствена евиденција.

Државната комисија по разгледување на пријавата, констатира дека станува збор за пријава која е нејасна и неразбирлива, не содржи јасни наводи и не

посочува на конкретни незаконити дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, туку само паушално се наведува дека постои сомневање за постоење на корупттивни дејствија. Имајќи предвид дека се работи за анонимна пријава, Државната комисија не е во можност да обезбеди дополнителни информации и појаснувања од подносителот за наводите во пријавата.

До Државниот за ревизија да се достави предлог за ревизија над работењето на Општина --------------, со фокус на наводите за распределбата на паричните средства од општината на спортските клубови изнесени во предметната пријава.

Од наведените причини Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК